# МАКЕДОНИЈА ВО НАТО: ПОЛИТИЧКА ОДЛУКА ИЛИ ВИСТИНСКО ПАРТНЕРСТВО

*Игор*
**ИВАНОВСКИ,**

пратеник на СДСМ во Собранието
на Република Македонија

# Интеграцијата на Македонија во НАТО

Овој форум е уште една можност да дискутираме и размениме мислења за еден од врвните приоритети на Република Македонија - членството во НАТО. Денеска и во следните два дена ја имаме привилегијата, но уште повеќе обврската да констатираме каде се наоѓа Република Македонија на патот на својата интеграција во НАТО. Очекувам во наредниве два дена да утврдиме што сме направиле, а што треба да следи, како треба да се кондиционираме за нашата интеграција да ја направиме побрза, поквалитетна и одржлива. Вчера, денес, а уште повеќе утре, врвен приоритет беше и останува членството во НАТО.

Уверен сум дека од сите учесници на овој Форум нема да слушнеме поинаква определба од таа дека интеграцијата на РМ во НАТО и ЕУ е наш врвен приоритет. Нашиот основен капитал како држава во однос на интегрирањето во евроатланските структури се темели врз општиот консензус помеѓу сите политички партии и широката поддршка на граѓаните за полноправно членство во НАТО и ЕУ. Овој консензус беше постигнат во 1991година со формирањето на РМ како суверена и самостојна држава, а тој постои и денес. Притоа сакам да го истакнам моето лично верување дека за ниедно друго прашање во РМ не постои така цврст и широк консензус. Од тие причини, веднаш на почетокот ќе истакнам дека според мене и не постои дилемата што е наметната во насловот од оваа панел- дискусија- Македонија може да стане и ќе стане полноправна членка на НАТО само како резултат на вистинско партнерство меѓу РМ и Алијансата, како резултат на вистинско, на конкретен начин докажано пријателство и споделување на заеднички вредности и потреби помеѓу граѓаните на РМ и НАТО.

Нашите принципи и вредности се идентични со принципите и вредностите на ЕУ и НАТО и на сите демократски држави во светот. Во овој контекст ние имаме обврска РМ да продолжиме да ја градиме, и да ја развиваме како демократска, стабилна и безбедна држава, која е економски просперитетна и пазарно ориентирана, и во која почитувањето на човековите права и слободи ќе биде врвна вредност.

Безбедноста и стабилноста на РМ е приоритет број 1 за натамошно развивање на државата, како и за конечно стабилизирање на поширокиот регион во кој живееме. Нашата безбедност и стабилност во изминатите 13 години беше ставена на големи тестови и искушенија. Најголемата закана за нашата државност и опстојување РМ ја доживееа во 2001-та година. Од денешен аспект, може да констатирам дека благодарение на залагањата и, пред сѐ, на мудроста на граѓаните на РМ нашата држава успешно ја совлада таа криза и создаде услови за натамошен развој како демократска и правна држава.

Нашиот најзначаен партнер во решавањето на конфликтот, во интерес на сите граѓани на РМ без оглед на нивнта етничка, верска или партиска припадност беше и остана НАТО. Од конфликтот во 2001 извлековме заклучок дека сите прашања што се суштински поврзани со иднината на оваа држава се тесно поврзани со нашата безбедност и стабилност. Јас сум апсолутно уверен дека сите дилеми околу нашата безбедност и стабилност конечно ќе бидат затворени со зачленувањето на РМ во НАТО. Токму затоа, ние мораме да продолжиме со исполнување на сите преземени обврски кои ќе придонесат за интегрирање во НАТО. Тука пред се мислам на имплементацијата на Рамковниот договор, спроведување на започнатите реформи во АРМ, борбата против организираниот криминал и корупција и зајакнување на економските структури и демократските институции.

Тоа се наши обврски кон РМ и граѓаните. Ги исполниме ли нашите обврски побрзо и подобро, ја правиме нашата интеграција во НАТО поскора и поизвесна. Го скусиме ли патот, нашата безбедност и стабилност ја правиме поцврста и потрајна.

РМ мора да ја изграда својата безбедност и стабилност преку понатамошното градење на внатрешни демократски и кохезивни механизми. Во овој контекст ние мора да обезбедиме заедничка соработка со другите држави на рамноправни основи преку Партнерството за мир, Евроатланскиот совет и другите механизми за соработка.

Остварување на трајна безбедност и стабилност на РМ преку полноправното членство во НАТО значи и дефинитивна промена на животот на граѓаните РМ. Тоа ќе значи и зајакнување на економските перформанси на државата, како и подобрување на квалитетот на животот и на животниот стандард на граѓаните на РМ.

Полноправното членство во НАТО значи дека РМ застанува во редот на демократските држави во која владее правото и во која силните и некорумпираните институции го гарантираат демократскиот развој на државата. Сето тоа ќе овозможи излегување на РМ од друштвото на држави со висок некомерцијален ризик за инвестирање, и воедно ќе овозможи привлекување на нови странски инвестиции што ќе генерираат позитивна економска клима.

Забрзаниот економски развој, преку подигањето на животниот стандард на граѓаните, намалувањето на сиромаштијата и зголемувањето на вработеноста, ќе претставува еден од клучните и можеби најсилни стабилизирачки и кохезивни фактори за иднината на РМ.

Убедени сме дека РМ е подготвена да ги исполни своите обврски и докрај да ги изведе започнатите реформи во сферата на одбраната и безбедноста за да ја

зајакне својата безбедност и кандидатура во НАТО. Особено важни се и стратегиските приоритети по Самитот во Прага кои за РМ претставуваат водич за сите планови, проекти развој и модернизација во сферата на одбраната и безбедноста на РМ неопходни за полноправно членство во НАТО. Нашата интеграција може да биде единствено успешна само доколку е поставена на вистински партнерски основи, артикулирана преку интензивни активности за поблиска и потранспарентна соработка со сите членки на Алијанасата и  со земјите аспиранти. Приоритет на РМ е нејзино оспособување за самостојно обезбедување  сопствената внатрешна стабилност. РМ мора брзо да ја измени сопствената улога на корисник на меѓународна воена помош, во прв ред од НАТО, а во моментот и од ЕУ, во улога на контрибутор на колективната безбедност и учество во мировните мисии предводени од Алијансата. Врз основа на сево ова искажано РМ ќе се декларира како држава која придонесува во заедничкиот и координиран одговор на новите безбедносните предизвици - организираниот криминал, тероризмот, корупцијата и безбедноста на границите, што се основните предизвици пред кои е исправен демократскиот свет во 21 век.

*Исмет*
**РАМАДАНИ,**

пратеник на ПДП во Собранието
на Република Македонија

# Политички придонес кон интеграцијата

Ние секогаш сме сакале и сакаме да бидеме членка на НАТО. Во извесни ситуации, порано, дури и ги замолував моите колеги да не водат инает со НАТО, затоа што ние сепак треба да ја завршиме нашата работа, нашите задачи. Ние, со помош на посебно ангажирани експерти, со кои имав можност тука да се запознаам, мораме да најдеме начин да ги исполниме стандардите што се бараат од нас. Меѓутоа, едно е вистина, она што е политичка доктрина (не само воена и слично) е наш дел , дел на пратениците, односно на нас што го носиме епитетот политичари. Ние повеќе треба да работиме на развивањето на меѓуетничките односи, реформите во образованието, кои иако на прв поглед немаат допирни точки со НАТО, кој повеќето обични луѓе го третираат само за воена алијанса. Ние треба да го афирмираме НАТО. Треба да ги информираме луѓето што, всушност, значи влегувањето во НАТО.

Јас, како пратеник со подолго искуство и со колегите кои веќе се и на други функции во извршната власт, имам тука сведоци дека секогаш институционално сме укажувале на некои работи кои требаше ние да ги направиме. Кога велам институционално, тоа значи без инциденти,без оружје в рака, без бомби, без мини. Ние укажувавме дека стандардите се тие кои се бараат. Многу добро се сеќаваме дека за да станеме членка на Советот на Европа ни беа поставени услови. Дојде политичка одлука и ние станавме членка на Советот, без да ги исполниме условите до крај. Зачленувањето во ОБСЕ исто така беше политичка одлука, што значи Република Македонија е држава за која Европа беше заинтересирана.Македонија е држава за која НАТО е заинтересиран, затоа што и по Самитот во Прага не беше затворен списокот на новите претенденти аспиранти за членство. Така, ние на еден начин сме кандидати и се форсира нашата кандидатура, па дури слушаме дека со самиот факт што експерти од НАТО веќе се дојдени кај нас и работат активно дека, тоа е сигнал и ние со повеќе разбирање треба да си ги исполиме задачите кои ни се поставени. Мојата замолница за крај, се совпаќа со крајот на излагањето на професорот Гоцевски кој рече дека на некој начин НАТО би требало да направи исчекор за да станеме членка на НАТО, со тоа дека како членка на НАТО и многу полесно ќе ги исполниме условите.

Состојбата сега и на економски и на социјален план ни е таква, што треба да ни се подаде рака за да можеме после како членка на НАТО ефективно и брзо да ги исполниме условите за да бидеме вистинска членка на НАТО. Сега ни е малку полесно. Со Рамковниот договор имаме чиста и јасна рамка што треба да правиме, со што правиме и чекор понапред кон тоа што значи исполнување и на тој дел дел што спаѓа во рамките на НАТО и тоа што е политичка и воена доктрина на НАТО.

*Зоран*
**КРСТЕВСКИ**

пратеникна ЛП во Собранието
на Република Македонија

# Забрзување на процесите на интеграција на РМ во ЕУ и во НАТО

Партнерскиот однос, што Република Македонија го изгради во минатите неколку години треба да кулминира со полноправното членство во НАТО. Но, се плашам дека од друга страна, сè уште не постојат јасни и прецизни сигнали кои се условите што треба да се исполнат за да се скрати времето за прием на Република Македонија во НАТО. Стравувам дека 2006 година, гледано од перспективата на оваа генерација и не е така далеку, но од аспект на позицијата на НАТО, во 2006 година ќе биде отворено и прашањето околу некои други состојби во меѓународната политика и во меѓународните институции. Свесни сме дека почетокот на 21 век започна со напуштањето на одредени традиционални сфаќања за улогата на меѓународната заедница и во името на т.н. милитантен хуманизам се преземаа низа активности во неколку светски региони, со цел агониите на одредени народи, етнички заедници и слично, да бидат прекинато и во името на мирот да се употреби сила. Таков беше случајот и со Косово, таков случај е и Ирак, а веројатно во иднина ќе видиме и некои други случувања. Таа промена на големите сили, пред се на САД, во одредувањето на своите стратешки цели, дополнително ја преиспитува и става на проверка меѓународната заедница, а и со години востановените институции и нивната ефикасност и присуство.

Примерот со Протекторатот Косово покажува дека тие се бавни, недоволно ефикасни и дека со таквиот однос многу повеќе влијаат и на оние делови од регионот кои немале никаква улога или придонес во лошите страни на конфликтите кои во тој регион постојат.

Сакам да заклучам дека Македонија е колатерална штета на меѓународната заедница и нејзината неефикасност во решавањето на прашањето на Косово и оттука многу од проблемите кои не се ставени за решавање, всушност, се и последица на вкупните состојби во регионот и неприближувањето на регионот кон економски просперитет и кон ЕУ. Оттука, не треба да сме толку самокритични и да си ги вадиме очите(условно речено) меѓу себе, туку малку да гледаме и пошироко и дел од нашата активност да дадеме во меѓународната афирмација на Република Македонија, со

цел да создадеме едно позитивно сознание за процесите што Република Македонија ги води на внатрешен план. Кога велиме на внатрешен план, тој нужно е поврзан со соседите. Република Македонија до ден денешен се уште се соочува со проблеми со соседите. Едниот сосед, членка на ЕУ не ни го признава името и врши страшен меѓународен притисок тоа да трае што подолго. Од позицијата на Протекторатот Косово не ни се признава границата. Прашањето на нашите малцинства во соседните земји не е адекватно направено во односите како што тоа се налага со меѓународните прописи. Една од државите не ни ја признава нашата православна црква. Сето ова значи дека постојат одредени политички отворени прашања кои ги обременуваат односите во регионот.

Единствен лек за надминување на овие проблеми е во регионот да се забрзаат процесите на интеграција со ЕУ. Враќањето на Република Македонија во возот заедно со Србија, Црна Гора и Албанија , во услови кога Македонија имаше позиција со Договорот за стабилизација и асоцијација пред нив, всушност е и намалување на шансите на Република Македонија да влезе во оваа интеграција. Ние не можеме да ги чекаме и не треба да ги чекаме нив да го достигнат нивото на демократски, економски и друг развој на реформи, бидејќи, сепак, Македонија во изминатите неколку години на транзиција ги спроведе и реформите кои нужно ја исполуваат агендата од 2000 година.

Според тоа, мислам дека и кај ЕУ и кај меѓународната заедница постои потреба од забрзување на поддршката на Република Македонија за овие интегрални процеси да бидат забрзани.

Што се однесува до Охридскиот договор, се согласувам дека тој сега е тема на мирот во Република Македонија, но тоа е меѓународен политички и меѓународно -правен конститутивен документ кој создава еден опит на една држава да се моделира нешто што Повелбата на ОН, особено членот 4 не го дефинирале така. Дали тестот на времето ќе покаже дека таквото градење на мултиетничко и мултикултурно општество ќе опстои во еден цивилизиран процес на почитување на човековите права, дека нема да постои притисок на една етничка групација врз друга, нема да се појави етнички геноцид, кој сè уште е присутен во Републиката. Ние се уште имаме раселени лица, се уште се фрлаат бомби за да се предизвика етничко чистење на одредени населби и цели градови. Сето тоа е предизвик кој е содржина на Охридскиот договор, а не самата форма Охридски договор. Оттука, мислам дека на политичката гарнитура која е на власт и стојат лажни политички и други предизвици и би било добро во создавањето на политичкиот амбиент за реформите во Република Македонија да се вклучи и опозицијата, а не за своите неуспеси во тековната економија и во решавањето на проблемите на граѓаните секогаш да се навраќаат на критика и критизерство на претходните генерации и на претходната влада и добро е по некои прашања, како што е членството во НАТО, целосно да бидеме информирани за конкретните чекори кои се прават од страна државните институции во овој момент. Такви информации, јас лично не поседувам и затоа мислам дека еве и оваа форма на Форум можеби ќе придонесе повеќе да бидеме информирани со тоа покомпетентно да одлучуваме во Собранието за вакви прашања.

*Андреј*
**ЖЕРНОВСКИ,**

пратеник на ЛДП во Собранието
на Република Македонија

# Афирмирање на улогата на Парламентот во интегративните процеси

За темата на атланската интеграција, што, пак е длабоко поврзана со долгорочната иднина на Република Македонија досега се зборуваше случајно, без посебна концепција и, би рекол, со еден бескритички пристап. Се разбира не би сакал да бидам погрешно разбран, напротив, овој процес мора да биде транспарентен и, условно кажано, достапен секому, буквално на секој граѓанин на Република Македонија за да биде уверен што, всушност, и носи на нашата држава. Сепак, убеден сум дека кон ова најповеќе треба да бидат фокусирани институциите на чиј грб, всушност, се наоѓа товарот на атланската интеграција на Република Македонија.

Сепак, не можам, а да не констатирам дека особено Парламентот досега некако како да беше тргнат настрана од овој процес иако тој како клучна институција и преставнички орган на граѓаните мора да биде во центарот во средиштето на случувањето, особено по ова прашање со оглед на неговата важност за иднината на нашата држава, односно за иднината на нашите граѓани. Токму затоа Парламентот веќе организираше трилатерална средба на комисиите за надворешни работи, на земјите потписнички на Јадранската декларација - Јадранската повелба, понатаму Парламентот усвои едногласно со консензус декларација за поддршка на Јадранската повелба и тоа во исто време кога тоа го направи и Преставнички  дом на Конгресот на САД.

Со ова, мислам дека, како конечно некако како да го динамизиравме Парламентот и ја афирмиравме неговата улога во овој процес и сметам дека само со вакви потези можеме да докажеме дека ја имаме зрелоста која што е неопходна за едно успешно покривање на процесот, зрелоста на општеството и што е најважно на граѓанството во целост. Низ оваа призма би сакал да се согледа прашањето за тоа дали НАТО интеграцијата е политичка одлука или како што пишува вистинско партнерство.

Мене навистина оваа тема ме провоцира и имам некое чувство дека има нешто контрадикторно во вака поставената тема. Имено, сметам дека членството во

Северноатланската организација дефинитивно е политичка одлука, која произлегува од заемниот партнерски однос помеѓу Република Македонија од една страна и НАТО од друга страна. Уверен сум, исто така, дека Северноатланската интеграција на Република Македонија не може да биде алтернативно поставена, или како политичка одлука или како вистинско партнерство. Како тоа на некој начин да се заемно исклучиви ситуации. Невозможно е да се биде член на НАТО без да се донесе политичка одлука, за таквата цел од наша страна, како и политичка одлука за прифаќањата на нашата апликација од страна на НАТО. Истовремено неопходно е да се имаат заеднички вредности, она што беше напоменато и од еден од моите колеги и да се исполнети високите критериуми за да се биде дел и да се придонесува во споделувањето на благодетите, но и се разбира она што мора да го знаеме и одговорноста од членството на Република Македонија во НАТО или поедноставно кажано да се биде партнер. Според тоа, членството во НАТО не е израз на некоја наша еднострана желба туку пак таквото нешто може да дојде како резултат единствено од потребите и на самата Алијанса. Потребно е да се совпаднат повеќе моменти и предуслови за што е неопходно многу работа и енергија, а како што гледаме и време.

И уште еднаш да напоменам, Република Македонија веќе со години е член на програмата Партнерство за мир кое со самото име покажува каков е односот на Република Македонија. Не би сакал сега да ги набројувам стандардите, веќе беа споменати и сигурно ќе бидат споменати од многу покомпетентни личности од мене кои ние треба да ги исполниме за да бидеме се разбира дел од она елитно друштво во НАТО.

Би сакал само да истакнам, а тоа ,претпоставувам, секому му е јасно дека најпрвин треба да се доведеме самите себеси во ред и конечно наместо невралгична точка на Балканот и во Европа и ние да станеме извозници на мир и стабилност. Таквото нешто треба да се достигне убеден сум, со сопствени сили и со сопствени капацитети, бидејќи тоа не може да дојде од страна туку мора да биде резултат на нашите сопствени напори, на нашите способности. Во ваквиот процес секако неопходно е да ја имаме помошта при поддршката на нашите пријатели од НАТО, но крајниот резултат мора да биде наша заслуга, и пак ќе кажам наше достигнување. На крајот на краиштата тоа Република Македонија го прави пред се, за себе и за сопствените граѓани.

Во овој контекст би се вратил на она што претходно само го нафрлив. Имено, неопходно е да се поседува зрелост и општествен капацитет за да се биде дел од европските, односно евроатланските интеграции. Тоа е процес кој сметам се движи напред во Република Македонија. Се надевам дека во блиска иднина најдоцна до 2006 година нашата држава ќе го достигне нивото потребно за да се биде дел од НАТО со сета сериозност и одговорност што таквото членство ја носи со себе. Притоа сметам дека Република Македонија сепак се движи кон тој пат иако искушенијата и проблемите кои стојат пред нас честопати создаваат дилема дали е тоа навистина така и дали е тоа воопшто возможно. На нас е оставено да се справиме со секојдневните предизвици и кризи со кои се соочуваме, а кои само со наше умешно

однесување можеме успешно да ги надминеме со што би ја покажале и докажале нашата зрелост како што напоменав да бидеме дел од ова почитувано друштво.

Во блиското минато сметам дека се случија настани кои направија членството во НАТО да биде наша примарна ориентација. Со членството во овој воен сојуз ќе се зациментираат, ако може така да се каже, и границите на нашата држава со што таа конечно ќе може да се ослободи од постојаниот страв од претензии на соседите и уште еднаш би се легитимирала како држава, но овој пат со многу посилни гаранции за нејзиното опстојување и за нејзината иднина. Она што според мене навистина недостасува во Република Македонија и тоа отворено ќе кажам е непостоење на визија. Под итно сите заедно мора да замислиме како сакаме да изгледа нашата држава по десетина години и сите заедно да работиме на остварувањето на таквата визија - буквално сите заедно. Доколку членството во НАТО и остварувањето на високите критериуми за да се биде во оваа организација се совпаѓаат, а верувам се совпаѓаат со она каде што сакаме да бидеме во иднина тогаш е неопходно со сите сили да се спремиме да го оствариме тоа. Убеден сум дека со таков пристап успехот ќе биде едноставно прашање на време.

На крајот би сакал да заклучам дека една од консензуалните определби од релевантните политички субјекти за иднината на Република Македонија што е многу важно нејзина целосна интеграција во евроатланските структури. Тоа е клучна насока за правецот во кој треба да се движи државата, а пред се за остварување на нејзиниот мир и безбедност. Република Македонија со нејзината политичка определба за евроатланска интеграција истовремено јасно се определува и за мирот, стабилноста, демократијата и изградбата на граѓанското општество како и заеднички вредности кои заеднички со заеднички сили треба да ги градиме и да ги промовираме. За жал живееме во свет во кој заканите по основните вредности на кои се заснова современата цивилизација се од таков карактер што за нивна одбрана е неопходна цврста поврзаност и заедничка координираност на сите оние кои ја споделуваат. Токму затоа ќе кажам многу јасно, нема големи и мали, нема важни и неважни, секој е должен да даде свој придонес и да ги исполни своите обврски во остварувањето на глобалниот мир и безбедност. Токму тука го гледам и, всушност, местото на нашата држава на Република Македонија во овие процеси и нејзината политика за партнерство и соработка со НАТО, како сега така и подоцна. Нејзиниот влез во оваа безбедносна структура, верувам и убеден сум дека ќе се случи. Со ваквиот пристап едноставно се затвора прашањето за членство во НАТО како политичка одлука или вистинско партнерство и истата ќе стане ирелевантна.